**Г р а д   С к о п ј е**

**Предлагач:** Градоначалник на Град Скопје

**Изготвувач:** Сектор за заштита на животната средина

**Претставник:** Секретар на Град Скопје

**Повереник:** Помошник раководител на Сектор за заштита на животна средина

## ПРЕДЛОГ - О Д Л У К А
## за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на социјално загрозени категории граѓани, жители на градот Скопје, за замена на азбестните кровови во енергетско ефикасни кровови

Скопје, мај 2023 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија број 05/02) и глава III точка III.5 од Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Град Скопје за 2023 година („Службен гласник на Град Скопје“ бр.07/23) Советот на Град Скопје, на __________ седница, одржана на ___________ 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на социјално загрозени категории граѓани, жители на градот Скопје, за замена на азбестните кровови во енергетско ефикасни кровови**

**Член 1**

Со оваа одлука, Град Скопје го определува максималниот износ за доделување на поединечни субвенции на социјално загрозени категории граѓани, жители на градот Скопје, за замена на азбестните кровови во енергетско ефикасни кровови.

**Член 2**

Максималниот износ за поединечна субвенција за замена на азбестните кровови, во енергетско ефикасни кровови, се утврдува во износ од најмногу 50% од вредноста на инвестицијата, но не повеќе од 150.000,00 денари по лице, со вклучен данок на личен доход.

**Член 3**

Финансиските средства во вкупен износ од 15.000.000,00 денари се обезбедени од Буџетот на Град Скопје за 2023 година.

**Член 4**

Се овластува Градоначалникот на Град Скопје да ги пропише конкретните услови, начинот и постапката за доделување на поединечна субвенции на социјално загрозени категории граѓани, жители на Град Скопје, за замена на азбестните кровови, во енергетско ефикасни кровови.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број ___________
__.__.2023 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Трајко Славески

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Правен основ за донесување на оваа одлука е членот 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02) согласно кој Советот на Град Скопје е надлежен да одлучува за донесување на одлуки и Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Град Скопје за 2023 година („Службен гласник на Град Скопје" бр.07/23).

Со Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Град Скопје за 2023 година, во глава III точка 5 е предвидено Град Скопје да даде субвенции на социјално загрозени категории граѓани за замена на азбесните кровови, кои се штетни за животната средина и за здравјето на луѓето, со енергетско ефикасни кровови кои се еколошки и дополнително овозможуваат заштеда на енергија при загревање или ладење на просторот каде живеат.

За таа намена се предлага давање на поединечна субвенција во максимален износ, во висина од најмногу 50% од вредноста на инвестицијата, но не повеќе од 150.000,00 денари, по барател, од вкупниот износ на вредноста потребна за замена на азбестниот кров со енергетско ефикасен кров, со вклучен данок на личен доход, а се до исцрпувањето на буџетот наменет за доделување на оваа субвенција предвиден со Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина на подрачјето на Град Скопје за 2023 година.

Условите, начинот и постапката за доделување на поединечна субвенција ќе ги пропише Градоначалникот на Град Скопје, врз основа на кои субвенциите ќе се доделуваат по пат на јавен повик

Врз основа на горенаведеното се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе Одлуката за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на социјално загрозени категории граѓани, жители на градот Скопје, за замена на азбестните кровови во енергетско ефикасни кровови.